# Истражувачки трудови

EURO BALKAN

17-21 АВГУСТ 2015
ОХРИД, Р.МАКЕДОНИЈА

**ЛЕТНА ШКОЛА: "РЕЛИГИЈА, ЕТНИЧКА ПРИПАДНОСТ И НАЦИОНАЛИЗАМ"**

**Содржина:**


- **Практикување на религијата во повеќерелигиско опкружување - случај РМ по осамостојувањето и уставните промени**

***Работна група 1:*** *Даниел Јосифовски, Петар Петковски, Мериса Биберовиќ, Љупчо Филев, Наум Петковски, Фисник Јакупи, Марија Антова*

- **Секуларизација и религија - случај Македонија**

***Работна група 2:*** *Ивана Туфегџиќ, Виктор Талески, Александар Милошовски, Сабрије Ковачи, Илмије Жаку, Стефан Јанковски, Николија Чорлинова*

- **Сфаќањата за мулиткулурализмот во македонското општество**

***Работна група 3:*** *Роберт Стефановски, Садике Хаџиу, Симона Младеновска, Сунаи Сабриоски, Александра Темелковска, Ивана Лазеска, Боби Димов*

- **Перцепции на имплементацијата на Охридскиот Рамковен Договор**

***Работна група 4:*** *Јане Трпковски, Горјан Грнчаровски, Теута Џеладини, Билјана Јанева, Дамјан Серафимовски, Џевит Даути*

- **Улогата на национализмот во триаголникот меѓу нацијата, државата и религијата**

***Работна група 5:*** *Викторија Тасева, Елена Мирчевска, Лиридон Цека, Ивица Цветковски, Тони Кузмановски, Катерина Јакимовска*


# Истражувачки трудови од Летната школа 2015




## „Религија, етничка припадност и национализам“

***17-21 август 2015***
***Охрид, Република Македонија***

17 - 21 август, 2015
Охрид, Р.Македонија

# Вовед:

Втора година по ред, Фондацијата Конрад Аденауер и Универзитетот "Евро-Балкан" - Скопје ја организираат летната школа на тема *„Религија, етничка припадност и национализам"* која имаше за цел да придонесе во надминување на статус кво ситуацијата во однос на верските, националните и културните разлики помеѓу академската младина во Република Македонија.

Петдневната летна школа се одржа во Охрид во периодот од 17-21 август, 2015 година и на неа учествуваа 33 млади академци од целата држава. Тие имаа можност да се стекнат со поголемо разбирање за тоа како религијата, етничката припадност, национализмот и идентитетот вршат влијание врз општеството и врз поединецот. Истовремено, летната школа придонесе за зголемување на јавната свест за улогата, значењето и функцијата на различните културни и религиски профили во услови на општествената, интеркултурната и демократска реалност во земјата.

Општо земено, темата религија не е доволно адресирана во нашето општество, особено меѓу младите луѓе. Летната школа служеше како платформа секој учесник да го зголеми своето знаење за религиите кои се различни од сопствената, со што се придонесе кон демистификација на непознатото „друго" и за да создаде подлога за подобро разбирање на мултиетничкото општество во кое живееме. Преку предавања од врвни професори во разни области, дискусии, работилници и студиски посети, младите учесници имаа можност да ги истражуваат односите помеѓу државата и религијата, особено како концептот на мултикултурализам функционира и се аплицира во современите општества. Посебен акцент се даде на тоа активностите на летната школа да овозможат проследување на развојот на промените на парадигмите и теориите во последниве две децении во македонското општество, но и пошироко во регионот.

Посветената и активна работа на учесниците на оваа летна школа резултираше во изработка на трудови на теми за кои тие пројавија значаен интерес. Трудовите се дадени во продолжение на ова издание.

*Ставовите и заклучоците дадени во трудовите им припаѓаат на самите автори и на никаков начин не ги рефлектираат ставовите и заклучоците на организаторите на летната школа.*

**Работна група 1:**

Даниел Јосифовски
Петар Петковски
Мериса Биберовиќ
Љупчо Филев
Наум Петковски
Фисник Јакупи
Марија Антова

# Практикувањето на религијата во повеќерелигиско опкружување - случај Република Македонија по осамостојувањето и промената на Уставот

## 1. Вовед

Република Македонија е држава на чие тло, со генерации и генерации, опстојуваат и функционираат различни религии, култури и етникуми. Историскиот развој на државата и народите во овој регион познава периоди кога религиите биле различно прифаќани од страна на општеството. Во одредени периоди религијата била посилно изразена и застапена во секојдневното функционирање на општеството. Постоеле низа промени на различни религии и различни верски учења. Денес, на тлото на Република Македонија, практикувањето на религијата меѓу населението се врши преку низа религиозни учења. Во согласност со податоците изнесени при пописот во 2002 година, најголем процент од населението, односно 64,8% се православни, 33,3% се муслимани, 0,35% се католици, 0,03% се протестанти и 1,5% се припадници на други верски заедници и религиозни учења.[1] Регистарот на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи содржи 35 цркви, верски заедници и религиозни групи, од кои како поголеми се издвојуваат Македонската православна црква, Исламската верска

[1] Интернет-извор – Државен завод за статистика на Република Македонија, Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија, 2002, финални податоци, стр. 334-335 http://www.stat.gov.mk/publikacii/knigaX.pdf, пристапено септември 2015 година

заедница, Католичката црква, Евангелско-методистичката црква и Еврејската заедница.[2]

Во Уставот на Република Македонија, преку член 19, се гарантира слободата на вероисповед. Понатаму, во истиот член се гарантира слободно и јавно, поединечно или во заедница со други, изразување на верата. Во продолжение на овој член, уставниот текст вели дека Македонската православна црква, како и Исламската верска заедница во Македонија, Католичката црква, Евангелско-методистичката црква, Еврејската заедница и другите верски заедници и религиозни групи се одвоени од државата и се еднакви пред закон. Македонската православна црква, како и Исламската верска заедница во Македонија, Католичката црква, Евангелско-методистичката црква, Еврејската заедница и другите верски заедници и религиозни групи се слободни во основање верски училишта и социјални и добротворни установи во постапка предвидена со закон.[3] Со овој член се воспоставува секуларноста во функционирањето на Република Македонија.

**Главната тема** на овој труд е религијата која ќе биде разгледана **преку главната хипотеза на трудот**: *Практикувањето на религијата во Република Македонија го отсликува секуларниот карактер на државата*, и **трите помошни хипотези**: (1) *Практикувањето на религиите во општеството има влијание врз политиките на државата*; (2) *Практикувањето на религиите овозможува соработка помеѓу различните религии во Република Македонија*; (3) *Кај населението во Република Македонија постои желба за практикување на религијата*. **Предмет на истражување** во процесот на констатирање на точноста на хипотезите го опфаќа полнолетното население во Република Македонија, од сите етнички, верски и религиозни заедници.

**Методологијата** на трудот ги опфаќа методите, техниките и инструментите кои ќе бидат користени при прибирање на потребните податоци и информации за негова изработка. Осознавањето на проблематиката која ја проучува овој труд се заснова врз спроведување анкета на терен врз предметот на истражување, односно полнолетното население во Република Македонија, од сите етнички, верски и религиозни заедници. Воедно, врз податоците собрани преку анкетирањето е извршена

---

[2] За повеќе види на: Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи http://www.kovz.gov.mk/, пристапено октомври 2015 година

[3] Интернет-извор – Собрание на Република Македонија, Устав на Република Македонија, Глава 1- Основни одредби, член 19 http://www.sobranie.mk/ustav-na-rm.nspx, пристапено септември 2015 година.

систематизација со цел да се добијат статистички показатели, а користен е и аналитичко-синтетички метод во насока на обезбедување поврзаност на белезите на истражуваниот предмет со појавите и процесите и останатите податоци осознаени преку истражувањето. Во процесот на проучување на проблематиката вршена е обработка на пишани извори, проучување на законски акти, постојни литературни дела и други истражувања. Во таа насока се користени методите и модели на анализа и синтеза на собрани статистички информации во областа на религијата. Преку употреба на компаративен и историски метод е овозможено подетално навлегување во темата на трудот.

Од научен и теоретски аспект, дефинирањето на религијата како појава во општествените заедници секогаш наидувало на потешкотии. Самата општествена појава, религијата, во себе содржи мноштво елементи кои дефинирањето го прават речиси невозможно. Авторот на книгата „*Религијата како културен систем*", Клифорд Гирц, ја опишува религијата како културен систем кој во себе содржи збир на верувања и погледи за настанувањето на светот, животот, човештвото и неговото постоење. Во развојот на човештвото постоеле периоди кога религијата, освен како културен систем, исто така, била инволвирана речиси во секој аспект од функционирањето на државата и претставувала државно уредување (систем). Од друга страна, денес, секуларизмот како принцип на функционирање на државата ги издвојува владините (државните) институции и лицата овластени да ја претставуваат државата од верските (религиските) институции и верските лица.

Податоците говорат дека ширењето на христијанството во Македонија датира од втората половина на I век, околу 60-тите години по Христос, кога се одвива и евангелското патување на св. Апостол Павле. Во V век на просторот на цела територија на Македонија постојат повеќе митрополии и епископии, од кои попознати биле Солун, Скопје, Хераклеја, Баргала и Стоби. Во тој период и низ цела територија на Македонија никнуваат многу ранохристијански базилики.[4] Понатаму, Исламската заедница во Република Македонија била составен дел на Исламската заедница на Кралството Југославија, а потоа во Социјалистичка Федеративна Република Југославија. По распадот на поранешната државна заедница и по осамостојувањето на Република Македонија, оваа заедница продолжува да дејствува

---

[4] Интернет-извор: Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи, http://www.kovz.gov.mk/?ItemID=9B9239BFA0E1394295F1B8E9A51DAAAB,пристапено септември 2015 год.

како независна верска заедница во Република Македонија, со седиште во Скопје.[5] Католичката црква во Македонија била основана во 1918 година кога било создадено Кралството Југославија, и кога помал број од Македонците се преобратиле во католицизам. Егзархатот бил укинат во 1924 година. Откако Југославија била растурена, во 2001 година Светата столица повторно го воспоставила Апостолскиот егзархат во Македонија.[6] Протестантството во Македонија почнува да продира во втората половина на 20 век. Меѓутоа, покрај она што денес се подразбира под поимот „протестантизам", на овие простори во 10 век се среќава нешто што иако се јавува и е познато под друго име, по својата суштина е вид на протестантизам. Станува збор за богомилството. Во Република Македонија денес постојат повеќе малцински христијански верски заедници.[7] Денес во Македонија живеат околу 200 Евреи, меѓутоа постоењето на Евреите во Македонија датира уште од 6 век пред нашата ера. Евреите почнале да мигрираат за време на Римскиот период. Прогонот присилил многу од Евреите да побегнат од земјите кои биле под Римска власт и мал број Евреи ја избрале Македонија за свој дом.[8]

## 2. Теренско истражување

Во насока на подобро запознавање на практикувањето на религијата во Република Македонија и подлабинско навлегување во проблематиката која ја обработува овој труд, беше спроведено истражување на терен. Истражувањето беше спроведено врз предметот на истражување, кон крајот на август 2015 година, кој се состои од анкетен прашалник со 5 затворени прашања.

Првото прашање беше креирано со цел да се осознае дали практикувањето на религиите во општеството има влијание врз политиките на државата, и истото гласеше: (1) Дали религијата според вас треба да биде вмешана во политиката? Притоа, беа

---

[5] Интернет-извор: Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи, http://www.kovz.gov.mk/?ItemID=490D800DB5D9EF4FB7A6C2C269C523B0, пристапено септември 2015 год.

[6] Интернет-извор: Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи http://www.kovz.gov.mk/?ItemID=B68C2394C64C894EAA04331655A47035, пристапено септември 2015 год

[7] Интернет-извор: Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи,http://www.kovz.gov.mk/?ItemID=BFF253DF95C8884785FFD6B65A39654E, пристапено септември 2015 год.

[8] Интернет-извор: Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи, http://www.kovz.gov.mk/?ItemID=5A154BF8A697B644A05FAE389EA38DFD, пристапено септември 2015 год.

понудени одговорите ДА и НЕ. Сите од испитаниците одговорија негативно, односно НЕ. Ова укажува дека населението е свесно за тоа дека практикувањето на религиите во секуларна држава не треба да има влијание врз државните политики.

На второто прашање кое гласеше (2) Дали треба да постои соработка меѓу различните религии?, кое беше поставено со цел да се осознае дали практикувањето на религиите овозможува соработка помеѓу различните религии во Република Македонија, дури 80% одговорија потврдно, односно со ДА, додека 20% одговорија негативно, односно со НЕ. Тоа укажува дека практикувањето на религијата во Република Македонија треба да овозможува високо ниво на соработка помеѓу различните религии во државата.

Последните три прашања ја испитуваа проблематиката од аспект на тоа дали кај населението во Република Македонија постои желба за практикување на религијата. Притоа, третото прашање гласеше (3) Дали сметате дека имате доволно познавања за вашата религија?, на кое потврден одговор дадоа 70%, а негативен 30% од испитаниците. На прашањето (4) Дали треба редовно да ги посетувате верските објекти?, одговорите беа изедначени, односно половина од испитаниците одговорија позитивно, а половина негативно. Последното прашање од анкетниот прашалник гласеше (5) Дали сакате вашето дете да учи предмет Веронаука или Историја на религиите?, и на него опцијата Веронаука беше избрана од страна на 20%, од испитаниците, а опцијата Историја на религиите, беше избрана од страна на 80% од испитаниците. Одговорите на овие три прашања укажуваат дека желбата за практикување на религијата помеѓу населението во Република Македонија постои кај делумен процент од населението.

## 3. Заклучок

**Главниот заклучок**, односно констатацијата која произлегува од спроведеното истражување говори за тоа дека во Република Македонија постои развиена свест оти практикувањето на религиите е речиси целосно во согласност со дефиницијата и карактеристиките на она што денес го нарекуваме секуларна држава. Имено, населението целосно се залага и го поддржува функционирањето на политика без вмешување на религијата. Понатаму, практикувањето на религиите на национално ниво овозможува градење меѓурелигиски систем на соработка кој функционира паралелно со државно-политичкиот систем и во согласност со правниот систем во државата. Воедно, резултатите добиени при самото истражување говорат за тоа дека кај

поголемиот дел од населението постои желба за практикување на религијата.

## Библиографија:


Консултирани библиографски единици:

Вилијам Л. Роу – *Филозофија на религијата* – вовед, Арс Ламина, Скопје, 2012 год.

Дејвид Стјуарт – *Проучување на филозофијата на религијата*, Арс Ламина, Скопје, 2013 год.

Ели М. Фрејзер – *Теми во Филозофија и религијата*, Табернакул, Скопје, 2010 год.

Симеон А. Јанакос – *Етнички конфликт–Религија, идентитет и политика,* Просветно дело, Скопје, 2009 година.

Geertz, Clifford, *Religion as a cultural system*. In: The interpretation of cultures: selected essays, Geertz, Clifford, pp.87-125. Fontana Press, 1993.

Консултирани интернет-извори:

http://www.stat.gov.mk/publikacii/knigaX.pdf – Државен завод за статистика на Република Македонија, Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија, 2002, финални податоци, стр. 334-335, пристапено септември 2015 година

http://www.kovz.gov.mk/ – Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи, пристапено октомври 2015 година

http://www.sobranie.mk/ustav-na-rm.nspx – Собрание на Република Македонија, Устав на Република Македонија, Глава 1- Основни одредби, член 19, пристапено септември 2015 година.

http://www.kovz.gov.mk/?ItemID=9B9239BFA0E1394295F1B8E9A51DAAAB – Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи, пристапено септември 2015 год.

http://www.kovz.gov.mk/?ItemID=490D800DB5D9EF4FB7A6C2C269C523B0 –Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи, пристапено септември 2015 год.

http://www.kovz.gov.mk/?ItemID=B68C2394C64C894EAA04331655A47035 –Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи, пристапено септември 2015 год

http://www.kovz.gov.mk/?ItemID=BFF253DF95C8884785FFD6B65A39654E – Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи, пристапено септември 2015 год.

http://www.kovz.gov.mk/?ItemID=5A154BF8A697B644A05FAE389EA38DFD –Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи, пристапено септември 2015 год.

**Работна група 2:**

Ивана Туфегџиќ
Виктор Талески
Александар Милошовски
Сабрије Ковачи
Илмије Жаку
Стефан Јанковски
Николија Чорлинова

# Секуларизација и религија Случај Македонија

## 1. Вовед

Историјата е сведок кој укажува на улогата која феноменот религија ја одиграла во животот на речиси секој човек и глобално во секое општество. Религијата претставува важен дел во општиот развој на државите. Државите преку нивните највисоки правни акти ја уредуваат положбата на религијата, а индиректно и положбата на религиските институции. Во зависност од историскиот развој на земјите и нормално од низа други фактори, тие одбираат дали ќе бидат држави во кои важно место ќе имаат религиските институции и истите ќе соработуваат со власта решавајќи ги заеднички државните проблеми или, пак, во нивниот модел ќе преовладува концептот на секуларизам, кој ја пропагира одвоеноста на државата од религијата. Во една смисла, секуларноста го одобрува правото да се биде ослободен од религиското владеење и учење, како и правото на ослободување од наметнувањето на религијата кај граѓаните од страна на на државата, која е неутрална во однос на прашања поврзани со верата. Ова се две теми кои се мета на нашето истражување, истакнувајќи го посебно случајот на Македонија во однос на ова проблематика. Во следните страници ќе истражиме главно како уставот на Р.Македонија ја уредува позицијата на религијата? Дали нашата земја може да служи како пример на секуларна држава? Дали, сепак, уставот на РМ фаворизира одредена религиозна заедница? Понатаму следува одговор на овие прашања преку претставување на вториот дел на овој труд

кој се состои од теренско истражување што го спроведовме во рамките на тематиката. Истражувањето е извршено со помош на прашалник форма составен од пет прашања.

## 2. Уставна поставеност на религијата и степенот на секуларизација на Македонија

Уставната поставеност и односот на државата кон религијата и религиозните групи во Република Македонија по осамостојувањето може да се подели на два периода, на оној со донесувањето на Уставот во 1991 година и на оној по 2001 година и усвоените амандмани кои го засегаат споменатиот однос.

Системот кој беше поставен во периодот на донесувањето на Уставот од 17.11.1991 година ја одликува Република Македонија како граѓанска и демократска држава, во која е воспоставен концептот на владеење на правото и се гарантираат човековите права, граѓанските слободи и националната рамноправност.[1] Во однос на прашањата поврзани со границите на секуларизмот, Република Македонија ја одликува модел кој почива на следните три постулати:

- Прво, меѓународните западноевропски стандарди;
- Второ, традициите на мнозинското население од православната верзија на христијанството, како и
- Трето, реалностите на постојниот верски пејзаж.

Проблемите на македонскиот модел на секуларизам, кои ќе излезат на површина во периодот потоа, одат во насока да се осигура еквилибриум помеѓу трите гореспоменати постулати.

По воениот конфликт во Република Македонија во 2001 година со донесените амандмани од страна на Собранието, а кои произлегуваат од потпишаниот Охридски рамковен договор (ОРД), дојде до одредени промени во положбата на верските заедници во јавниот живот на државата, иако симболичен, сепак, за нив значаен.

Член 19 од Уставот со кој се определуваат границите на македонскиот секуларизам ја издигнува МПЦ наспроти другите верски организации со формулацијата: „МПЦ, како и другите верски заедници и религиозни групи“. Со измените од 2001 година, оваа формулација со амандманот VII претрпе измени и

---

[1] Устав на Република Македонија, Службен весник на Република Македонија, год.: XLVII, бр.: 52, Скопје, 1991, стр.: 805-815.

сега гласи: „МПЦ, како и ИВЗ, КЦ, ЕМЦ, ЕЗ и другите верски заедници и религиозни групи“.[2]

Конкретните вероисповеди се градирани во три групи, при што во првата влегува МПЦ, во втората група се сместени Исламската верска заедница (ИВЗ), Католичката црква (КЦ), Евангелско-методистичката црква (ЕМЦ) и Еврејската заедница (ЕЗ), додека во третата група под категоријата „други верски заедници и религиозни групи“ се сместени останатите помалубројни вероисповеди. Во оваа насока, сместувањето на верските организации во три групи не носи со себе и различен обем на права и слободи кои тие ги остваруваат, туку тоа е повеќе во историско-државотворна и симболичка смисла низ призма на карактерот на македонската држава, која во најголема мера се темели на наследството на православното христијанство, а столб на ова верска доктрина е МПЦ-ОА.

Она што може да се види од односите помеѓу политиката и религијата во Република Македонија е карактерот на македонскиот модел на секуларизам, како и за односот на политичките партии во РМ кон истиот, е впечатокот дека политичката десница има поблизок однос со религиските групи во споредба со левицата. Тоа сликовито може да се види во позачестеното присуство на верските лидери на јавните настани, како и лобирањето во верските односи на одредени верски заедници во земјата или со верските заедници надвор од нашата држава. Додека, пак, левицата се залага за поголема одвоеност на државата од верските заедници, што подразбира немешање на институциите во верските работи, но и оневозможување на верските заедници да се мешаат во работата на институциите.

## 3. Теренско истражување

Секој човек уште од своето раѓање го има во себе религиозното чувство. Меѓутоа, подоцна тоа чувство зависи како се негува. Доколку го негува, човекот се одлучува да верува во една од религиите, односно кон онаа за која смета дека е точна и вистинита, а доколку го отфрли од себе тоа чувство тој станува атеист – човек кој не верува во Бог.

За потребите на тезата беше спроведено теренско истражување на тема Религија, во кое беа испитани 28 граѓани по случаен избор. Од 28 испитаници, 21 биле православни, 5 муслимани, 1 хинду и 1 атеист. Ова е важно за да се увидат

[2] http://www.sobranie.mk/ustav-na-rm.nspx

профилите на испитаниците за натамошен преглед на одговорите на поставените прашања.

На прашањето колку често посетувате верски храм дури 17 одговориле дека одат само за празници, 5 одат често (под често се подразбира повремено или еднаш месечно), 5 одговориле дека посетуваат верски храм многу често (еднаш неделно), и еден никогаш.

Понатаму на прашањето, што е и централна тема на овој труд, дали државата е одвоена од религијата, 14 испитаници одговориле дека не е, 6 испитаници одговориле дека е и 8 испитаници одговориле дека не знаат или дека не ги интересира.

Во односот со другите религии ситуацијата е помалку или повеќе позитивна, 27 испитаници одговориле дека односот кон другите религии им е позитивен и толерантен, а само еден одговорил дека е насилен и нетолерантен кон другите религии.

За потврда на ова прашање доаѓа и следното прашање, односно дали би посетиле верски храм на друга верска заедница, на кое 25 испитаници одговориле дека би посетиле, а тројца дека не би посетиле.

Од спроведеното истражување може да се заклучи дека граѓаните не го гледаат концептот на секуларизам во Република Македонија или дека не го препознаваат, поточно не знаат што тој претставува. Оттука е многу важно во Република Македонија да се работи не само на промовирање, туку и на запознавање на граѓаните со секуларизмот, како уставно загарантиран концепт.

## 4. Заклучок

Од горенаведеното можеме да заклучиме дека фокусот на овој истражувачки труд е ставен за согледување на проблематиката која се појавува помеѓу секуларизмот и религијата, во конкретен случај Македонија.

Согледуваме дека формулацијата „МПЦ, како и другите верски заедници и религиозни групи“ од Уставот од 1991 е променета со амандманите од 2001 со кои е надмината тезата за фаворизирање на МПЦ наспроти другите верски заедници. Исто така, спроведовме истражување преку анонимни анкетирани лица со цел согледување на реалната ситуација, како се гледа на односот помегу религијата и власта, односно колкав е степенот на секуларизација во Р.Македонија, од кое заклучивме дека мнозинството од анкетираните лица смета дека државата е тесно поврзана со религијата. Ставајќи го акцентот на една или друга верска заедница од страна на политичкото раководство на државата неминовно е наметнат проблемот на појава на верски и национални конфликти. Меѓутоа, од нашата спроведена

анализа можеме да забележиме дека ваквиот проблем е надминат со тоа што постои голем степен на верска и национална толеранција помегу граѓаните.

Како што е напоменато погоре, согледувајќи ја моменталната состојба во Македонија во однос на функционирањето на верските заедници и политиката може да се забележи дека државата не прави јасна дистинкција помеѓу политиката и религијата, што се гледа од сè почестото присуство на верски лица на важни политички и јавни настани, но и се темели врз истражувањето во кое граѓаните не го препознаваат или не го разбираат концептот на секуларизација.

Од сето ова произлегува дека за подобро и поефикасно функционирање на државата неопходно е преземање мерки со кои ќе се почитува секуларизацијата во една држава, во овој случај Македонија, но и ќе се работи на промовирање на одвоеноста на државата од религијата како концепт, сè со цел надминување на евентуалната појава на меѓусебна верска и национална нетрпеливост помеѓу граѓаните.

Непочитувањето на секуларноста резултира со негативен поглед спрема верските лидери и политичките лидери од страна на граѓаните, што, пак, се манифестира преку одбивност кон верските храмови и верските лидери и зголемен степен на недоверба во верските, но и во политичките лидери.

**Библиографија:**


1. *Устав на Република Македонија*, Службен весник на Република Македонија, год.: XLVII, бр.: 52,Скопје, 1991
2. http://www.sobranie.mk/ustav-na-rm.nspx
3. *„Процесот на десекуларизација на македонското општество"* Ружица Цацановска (http://www.newbalkanpolitics.org.mk/item/The-Process-of-De-Secularization-in-Macedonian-Society/mk#.Vh4AMOyqqko)
4. Владо Петровски / Годишен зборник 3-4 (2003/2004) *„РЕЛИГИЈАТА КАКО ФАКТОР ЗА ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА"* http://eprints.ugd.edu.mk/4346/1/%D0%A0%D0%95%D0%9B%D0%98%D0%93%D0%98%D0%88%D0%90%D0%A2%D0%90%20%D0%9A%D0%90%D0%9A%D0%9E%20%D0%A4%D0%90%D0%9A%D0%A2%D0%9E%D0%A0%20%D0%97%D0%90%20%D0%9E%D0%91%D0%A0%D0%90%D0%97%D0%9E%D0%92%D0%90%D0%9D%D0%98%D0%95.pdf
5. *Одлука на Уставен суд на РМ за укинување на предмет верско образование во училиштата:* У.број: 202/2008-0-1, датум на донесување: 04/15/2009
6. *„Секуларизмот и слободата на вероисповед"*, проф. д-р Рената Тренеска Дескоска
7. W.Cole Durham, *„Перспективите на религиозната слобода: Компаративна рамка во религиозните човекови права во глобална перспектива "* ( Johan D. Van and John Witte, JR.,eds), 1996
8. *„Homo religious помеѓу верата и државата"*, проф. д-р Гордана Силјановска Давкова

**Работна група 3:**

Роберт Стефановски
Садике Хаџиу
Симона Младеновска
Сунаи Сабриоски
Александра Темелковска
Ивана Лазеска
Боби Димов

# Сфаќањата за мултикултурализмот во македонското општество

## 1. Вовед

Терминот мултикултурализам е комплексен и повеќезначен термин. Неговото значење беше предмет на голема дебата помеѓу академските кругови и во западниот политички дискурс.[1] Централна тема која се обработува во сите облици на мултикултурализам е индивидуалниот и/или колективен идентитет.

Денес предизвик на мултикултурализмот е да изгради стабилен систем кој ќе ги инкорпорира етничките и културните разлики, а еден од најчестите начини на кои тоа го прават државите е заштита на граѓанските и политичките индивидуални права.

Целокупно гледано, мултикултурализмот како филозофски концепт и политика се јавува како решение, но и како проблем. Од една страна, тој е глорифициран за напредокот на еднаквоста и социјалната кохезија на различни групи, додека, од друга страна, е критикуван за создавање нееднаквост и дека доведува до социјална фрагментација.[2]

Ако го ставиме концептот на мултикултурализам во контекст на универзалните човекови права (како универзална придобивка

---

[1] Во 2010 год. германската канцеларка Ангела Меркел во едно свое обраќање до подмладокот на Христијанско-демократската унија изјави дека т.н. „мулти-култи" концепт каде луѓето треба да „живеат еден покрај друг" е пропаднат проект http://www.bbc.com/news/world-europe-11559451

[2] http://www.theguardian.com/commentisfree/2010/mar/17/multiculturalism-diversity-political-policy

на човековата историја), пред секое општество се поставува дилемата дали да се прифати американскиот принцип на универзални човекови права, каде независно од етничката припадност сите уживаат еднакви права, или новиот принцип специфичен за европските држави, каде на посебните малцински ентитети им се гарантираат колективни права кои имаат за цел да ја подобрат положбата на малцинствата. Иако постојат аргументи *pro* и *contra* едниот и другиот принцип, секоја држава треба да ги прокламира и гарантира индивидуалните човекови права, но и да ги штити интересите на малцинствата од мајоризација.

Концептот на мултикултурализам директно е поврзан со генезата на појавата на овој општествен феномен. Во општи црти, концептот на мултикултурализам опфаќа разни форми на културен плурализам. Во историскиот развој човековите општества имаат различни форми за формирање мултикултурна структура: номадско движење, колонијални освојувања, доброволна миграција, војна на освојување, насилно иселување и други причини, секое мултикултурно општество има историја на настанување.

Токму поради големата важност и актуелноста на ова прашање за македонското општество, ние се одлучивме да го анализираме од аспект на тоа какви се сфаќањата за мултикултурализмот во македонското општество. За таа цел беа анкетирани единаесет лица кои имаа за задача да одговорат на неколку прашања (детално елаборирани во понатамошниот текст). Методологијата која беше користена е делумно стандардизирана анкета со отворени прашања, што значи на анкетираните им беа понудени прашањата, а тие самите ги конструираа одговорите.

## 2. Какви се сфаќањата за мултикултурализмот во македонското општество?

Со цел да се види каков е ставот на луѓето за мултикултурализмот, да се дознаат нивните гледишта за истиот и да се добијат резултати, анкетата го покажа следното:

### 1. Што е мултикултурализам?

Најголем број од нашите испитаници (7 лица) одговорија дека под поимот мултикултурализам подразбираат повеќе народи кои живеат во една држава, двајца испитаника рекоа дека тоа е прифаќање на различните, а двајца испитаника немаа коментар на ова прашање.




## 2. Дали мислите дека Македонија е мултикултурна земја?

Од второто прашање ги добивме следните одговори:

- осум испитаници мислат дека Македонија е мултикултурна земја;
- двајца испитаника мислат дека Македонија делумно е мултикултурна земја;
- еден од испитаниците рече дека Македонија не е мултикултурна земја.




## 3. Во кои делови од Македонија мислите дека е најмногу застапен мултикултурализмот?

Може да се каже дека на оваа прашање испитаниците имале повеќе од еден одговор. Најголем дел од нашите испитаници сметаат дека во Скопје најмногу е застапен мултикултурализмот, потоа во Битола, Охрид, Куманово итн.




**4. Колку мултикултурализмот влијае врз развојот на една земја?**

Шест од нашите испитаници одговорија дека мултикултурализмот влијае врз развојот на една земја, двајца дека многу влијае, а по еден дека влијае делумно и не влијае воопшто.




**5. Во која земја мислите дека мултикултурализмот е најмногу застапен?**

Може да се каже дека на оваа прашање испитаниците имале повеќе од еден одговор, а најголем дел од испитаниците рекоа дека во Америка мултикултурализмот е најмногу застапен.



## 3. Заклучок

Централна тема која се обработува во овој труд се сите облици на мултикултурализам и индивидуалниот и/или колективен идентитет. Ние се одлучивме да го анализираме од аспект на тоа какви се сфаќањата за мултикултурализмот во македонското општество.

За да имаме поцелосна слика за тоа кои се сфаќањата за мултикултурализмот во Македонија, ние вршевме теренска анкета, анкета во која добивме одговори кои понатаму ги елаборираме и дојдовме до следниве заклучоци:

– во Македонија под поимот мултикултурализам повеќето одговорија дека подразбираат повеќе народи кои живеат во една држава;
– луѓето во Македонија сметаат дека Македонија е мултикултурна држава;
– повеќето сметаат дека Скопје е град во кој е најмногу застапен мултикултурализмот;
– испитаниците сметат дека мултикултурализмот влијае врз развојот на една земја и
– повеќето испитаници сметаат дека мултикултурализмот е најмногу застапен во Америка.

## Библиографија

1. *Merkel says German multicultural society has failed* http://www.bbc.com/news/world-europe-11559451
2. *„British prime minister: Multiculturalisam has failed“*, *NCBNEWS*, 2.06.2011, http://www.nbcnews.com/id/41444364/ns/world_news-europe/t/british-pm-multiculturalism-has-failed/#.VCsjzZSSz0B

**Работна група 4:**

Јане Трпковски
Горјан Грнчаровски
Теута Џеладини
Билјана Јанева
Дамјан Серафимовски
Џевит Даути

# Перцепции на имплементацијата на Охридскиот Рамковен Договор

## 1. Историски осврт и парадигматска теза

Конкретно, во расправите за имплементација на Охридскиот рамковен договор (во текстот Договорот), аналитичарите упатуваат на политичка интеграција со социокултурална и варијанта на распределба на политичката моќ (Атанасов. 2003: 115-42). Односно, матична теза е теоријата на *Glazer* и на *Moynihan* за инструментализација и мобилизација. Имено, во процесот на компетитивност за политички и економски ресурси, етникумите се централната точка во која се интегрираат интересните групи, при што вариететите се движат од индивидуални цели и стратегии до колективна борба за власт. Дополнително, интензитетот на колективна солидарност јакне со посредство на трите елементи кои ги интегрираат, а се клучни при формирање национална држава и определување на граѓански статус: исти национално потекло, јазик и религија (Putinja; Stref-Fenar. 1997: 107-8. Haralambos, Holborn, 2002).

Во случајот со Р. Македонија, со транзициските промени по Падот на четвртата Југославија, покрај реформските зафати во областа на макроекономијата и политичко-правниот систем, општеството се соочи со ескалација на меѓуетнички конфликт.

Клучни околности се:

- имиграциониот бран, кој влијае на прирастот на албанското население во вкупната структура;

- етнополитичката мобилизација со ескалација на конфликтот меѓу паравоените албански формации и македонските политичко-безбедносни структури;
- барањата на албанските политички лидери, а опфаќаат:

1. Македонија да не биде повеќе етноцентрична, како што е предвидено со Уставот од 1991;
2. поголема инклузивност и тоа во согласност со меѓународните стандарди и конвенции за да се отслика мултикултуралната стварност;
3. претставување на малцинските етнокултурни идентитети, на Албанците во Македонија, во државните институции;
4. повисок буџет и за поголеми овластувања на локалните заедници каде мнозинството се Албанци и тоа првенствено за социјалата, здравството и за образованието;
5. донесување посебен и специјален закон за амнестија (Атанасов. *Ibidem*).

*Клучни податоци за Охридскиот рамковен договор*

- Претставува правен документ кој е потпишан на 13 август 2001, Охрид, одстрана на претседателот на РМ, претседателите на партиите ВМРО-ДПМНЕ,СДСМ, ДПА, ПДП, а со посредство на меѓународната заедница.
- Претставува уникатен правен механизам кој обврзува разрешување намеѓуетничкот конфликт и гарантира успешна евроинтегративна перспектива.
- Содржи барања на албанската етничка заедница:
  1. отфрлање на насилството за политички цели
  2. повикување на суверенитет и територијален интегритет на Р. Македонија (нема територијални решенија за етнички прашања)
  3. мултиетнички карактер отсликан во јавниот живот на македонското општество
  4. уставот во согласност со меѓународните станарди да ги почитувапотребите на сите граѓани
  5. развој на локална самоуправа заради почитување на идентитетот на заедниците
- Воведува измени во Уставот на РМ од 17 ноември 1991.

Експертите за евалуација постигнуваат консензус дека Договорот придонесе некои одредби да тежнеат кон модел на бинационална држава, но ги разреши меѓуетничките судири. На тој начин, следејќи ги одредбите, денес, македонското општество

е мултикултурно со модел на социјална кохезија и елементи на либерален и корпоративен плурализам. Имено, се потврдува претпоставката дека Р. Македонија може, сака и знае политички и граѓански да ја реализира својата мултикултурна содржина, бидејќи претставува одговор на сите барања. Во таа насока, според проценките на меѓународниот фактор, Договорот е рамка за обезбедување на иднината на демократијата во Р. Македонија и овозможување на развојот на евроинтегративните процеси (Атанасов. *Ibidem*.) (Чупеска. 2013: 119–34).

## 2. Методологија со дескриптивна статистичка анализа

<table>
<tr><td>Хипотетички став</td><td>Потпишаниот Рамковен договор – Охрид, 2001, по првата деценија и пол, успешно се имплементира во дневната практика на меѓуетничкиот дијалог.</td></tr>
<tr><td>Примерок</td><td>Случаен примерок од 10 респоденти, независно од демографските карактеристики.</td></tr>
<tr><td>Метод</td><td>Дедуктивна анкета, на ординално ниво, со ликертова скала со исклучиви категории на три нивоа.</td></tr>
<tr><td>Индикатори</td><td><ul><li>надминување на дискриминација во јавна сфера;</li><li>постигнување еднаквост и почит на разликите;</li><li>според етничност, во општините, се овозможи рамноправно вработување;</li><li>постигнување прекин на нетрпеливоста во комуникацијата меѓу етничките групи;</li><li>постигнување успешност на меѓународно ниво како Акт за доверба и стабилност.</li></ul></td></tr>
<tr><td>Крос-анализа на процентуалната фреквенција</td><td><table>
<tr><th></th><th>постигна надминување на дискриминацијата во јавната сфера</th><th>постигна почит на различностите и еднаквост</th><th>според етничност, во општините, овозможи рамноправно вработување</th><th>постигна прекин на нетрпеливоста во меѓуетничката комуникација</th><th>како меѓународен акт, постигна успешна импелементација во РМ</th></tr>
<tr><td>не се согласува</td><td>30</td><td>20</td><td>10</td><td>50</td><td>30</td></tr>
<tr><td>се согласува</td><td>20</td><td>30</td><td>70</td><td>20</td><td>70</td></tr>
<tr><td>делумно се согласува</td><td>50</td><td>50</td><td>20</td><td>30</td><td>0</td></tr>
</table></td></tr>
<tr><td>Наоди и препорака</td><td>Од методолошка позиција, критериумите за нивото на доверба во одговорите се исполнети преку логичко процентуално поклопување на одговорите кај крос-прашањата. Тоа е показател за валидноста на инструментот за испитување на јавното мнение.<ol><li>На генерално ниво, ставот на граѓаните е правопропорционален со посебните тези на хипотетичкиот став. Бројките говорат дека приближно, тоа е случај со седум од десет испитаници. Но, поради отсуство на ергогени и интервентни варијабли (демографски карактеристики), интерпретацијата е сведена на номинално ниво.</li><li>На поединечно ниво, бројките говорат дека приближно, осум од десет испитаници се согласуваат со клучите ставови (поврзани со почитување и реализација на клучните барања, но и со доследноста на правниот документ, како вид меѓународен акт).</li></ol>Поради релативно високиот процент на негирање на тезата поврзана со меѓуетничката комуникација на дневна основа, како и поради релативно честата манифестација на скептицизам во однос на тезата врзана за надминување на дискриминацијата во јавната сфера, се наметнува потребата од нагласување на важноста на мерките на културната политика, т.е. информативните медиуми, како механизам за креирање на јавното мнение, да насочуваат кон промоција на интеркултурен дијалог.</td></tr>
</table>

## 3. Резиме

Од структурална позиција, трудот е темелен на две нивоа – теоретско толкување и применета анализа. Во епистемолошки контекст проблемот кој е предмет на истражување е од интердисциплинарен карактер, со домен во областа на национализмот. Од методолошки аспект, проектот е темелен на две нивоа – историографски контекст на општествените околности и емпириска анализа на јавното мнение на граѓаните.

Студијата се темели на операционализација на елементите од тезата за инструментализација и мобилизација во Современите теории за етницитетот, при што на емпириско ниво се дојде до следните наоди:




Графички приказ 1. „Фреквенција на проценти на одговорите од анкетата"

Параметрите за проценка на нивото на успешна имплементација се директен избор од спроведената *Content Analysis* на клучните сегменти на Договорот. Односно, варијаблите се на сите нивоа, тангирани во однос на Договорот. Наодите и препораките се темелени на:

- арсеналот на општествени околности;
- анализата на содржина во Договорот;
- толкувањето на проценките од еминентните експерти;
- интерпретацијата на ставовите на граѓаните.

Генерално, интервјуираните граѓани се согласни дека **во практиката Договорот е успешно имплементиран,** на сите

нивоа, така што судејќи по *Графички приказ 1*. за различни варијабли, хипотетичкиот став се потврдува, но поради варијациите кои не се случајни туку се логички основани, препораките се фокусирани на културната политика, т.е. на **потребата од промоција на интеркултурниот дијалог**, а преку институционална поддршка на медиумите.

## Библиографија:


1. Атанасов, Петар. *Мултикултурализмот како теорија, политика и практика*. Скопје: Евро Балкан Пресс, 2003.
2. Кимлика, Вил. *Мултикултурно граѓанство.* Скопје: Институт за демократија, солидарност и цивилно општество.
3. ОХРИДСКИ РАМКОВЕН ДОГОВОР.
4. УСТАВ на Република Македонија: со амандманите на Уставот I – XXX. Скопје: Службен весник на РМ, 2007.
5. Чупеска, Ана. *Културните идентитети во политиката: аспекти на мултикултурализмот*. Скопје: Фондација Конрад Аденауер, 2013.
6. Haralambos, Michael; Martin Holborn. *Sociologija: teme i perspektive*. Zagreb: Golden marketing, 2002.
7. Putinja, Filip; ŽoslifStref–Fenar. *Teorije o etnicitetu: (Dodatak: F. Bart. Eničke grupe i njihove granice).* Beograd: Biblioteka XX vek, 1997.

**Работна група 5:**

Викторија Тасева
Елена Мирчевска
Лиридон Цека
Ивица Цветковски
Тони Кузмановски
Катерина Јакимовска

# Улогата на национализмот во триаголникот меѓу нацијата, државата и религијата (Македонија)

## 1. Вовед

Човекот во својата био-социолошка компонента е зоон политикон, политичко суштество кое настојува да се идентификува со група, заедница или идеја. Има повеќе основи за идентификација на кои човекот истовремено може да се потпира во своето постоење, па така луѓето гравитираат околу обединувачка компонента – религија, етницитет, нација, култура и сл. Во историска смисла, нацијата како конкретност се појавува по Француската револуција кога Наполеон го напушта традиционалното државно уредување и воведува нов систем на владеење каде поединецот го става во рамноправна положба, што бил можеби водечки фактор за создавање на современите нации.[1] Со револуцијата во Франција, нацијата ја легитимира државата и со тоа националната држава како творба настаната со општествен консензус суверенитетот го потпира врз народот.

Различни теоретичари и историчари даваат различни мислења за нациите, за нивното формирање и постоење, но сите се согласни дека современите нации се феномени кои може различно да се дефинираат, а една од многуте дефиниции е: *луѓе со заедничко минато, религија, јазик, култура кои живеат на една територија и кои се поврзани во секојдневното*

[1] Попов Чедомир, Граѓанска Европа (1770-1914) Политичка историја Европе ( 1815-1871) Белград 2010 г.

*општење претставува нација.*[2] Современите нации секогаш се создаваат од страна на државата и ако има исклучок кога поединечни нации се формират без држава во која би имале олицетворениие, на пример: Курдите и Ромите. Национализмот како концепт се појавува речиси во исто време со појавата на нациите и претставува идеја според која припадниците на една нација ја издигнуват својата нација на еден повисок култ од другите соседни нации.

Важен елемент за нациите и национализмот е државата, таа е еден вид поттикнувач, сопирачка, или одржувач на овие појави, таа ја формира нацијата или таа апстрактна заедница на луѓе кои можат да бидат луѓе од иста религија (на пр., Грците) или јазично подрачје (на пр., Французите), културно влијание (на пр., Русија).

Државните политики кон нациите, но и нивните стратешки интереси ги принудуваат државите да прават напори во определени временски периоди да го зајакнуваат националниот дух или да го поттикнуваат национализмот кај своите граѓани, во зависност од политичките прилики.[3] Но, има и такви случаи кога државата врши национална асимилација кон одредена група луѓе за повисоки државни цели и интереси.[4]

Што се однесува до религијата, таа има централна улога во формирањето на идентитетите на многу европски држави (Грција, Полска, Ирска, Англија и др.). Она што е заедничко за нацијата, религијата и државата е што даваат одговор на прашањето: **кој сум јас и каде е моето место во општеството?** Религискиот идентитет претходи на националниот колективен идентитет. Во средниот век, примарната идентификација на индивидуата била религиозна.[5] Во почетокот на 18 век, државата станува обединувач на религиозниот и националниот идентитет.

Човекот може да припаѓа на определена религија и нација и да биде дел од државата која негува определени национални вредности како примарни вредности.

Република Македонија негува автентичен модел на секуларност, некаде помеѓу моделот на државна религија и секуларизам поради издвојувањето на МПЦ наспроти останатите

---

[2] Ачкоска Виолета, Лекции од современата Македонска држава (1944-1990) Скопје 2011 г. (види повеќе во прилог 4, Поими, стр. 478-490)
[3] Scott, Len, International History, 1900-90, Oxford University Press, 2008, pg
[4] Zoran Janjetovic. Deca careva, pastorcad kraljeva, Nacionalni manjini u Jugoslaviji (1918-1945) Belgrad 2005g.
Според авторот, тенденцијата за формирање југословенска нација лежи во амбицијата на кралот Александар да ја зацврсти власта во државата, но до тоа не дошло поради една разбирлива причина што веќе биле формирани и доктринизирани српската, хрватската и словенечката национална свест.
[5] Bakrac Vladimir "Teoriskipristupslicnostimairazlikamaizmegureligije I nacije", Religijaitole-rancija, Vol. VII, № 12, Jul – Decembar, 2009 str. 337

верски организации, но во основниот корпус на права и гаранции за слобода на вероисповед, се почитуваат стандардите на демократските развиени држави. [6]

Користејќи го аналитичкиот метод и резултатите од мини-истражувањето на летната школа *„Религија, етничка припадност и национализам“*, овој труд има за цел да ја истакне разединувачката улога на национализмот во трилатералниот однос меѓу нацијата, државата и религијата.

## 2. Национализмот во контекстот на современото македонско општество

Мини-истражувањето што го спроведе петтата група на летната школа „**Религија, етничка припадност и национализам**“, потврди некои од првичните тези на групата. Во нашето истражување на национализмот, сите испитаници гледаа како на негативна појава, иако не успеаја да дадат конкретна дефиниција за тоа што е национализам. Во нивните искажувања се покажа дека сѐ уште постои недоверба меѓу заедниците. Кај претставниците на етничките Македонци, постојат ставови дека *некои национални карактеристики влијаат врз однесувањето на поединците,* што се потврди во разговорите со дел од испитаниците во нашето истражување. Генералниот став на испитаниците (околу 75%) беше позитивен во однос на заеднички соживот, но во ист процент граѓаните се изрично против мешани етнички бракови. Во однос на прашањето дали *националист се раѓа или се станува*, две третини од испитаниците се согласија дека националист се станува.

Наодите од истражувањето покажаа силно влијание на определени национални и религиозни карактеристики врз однесувањето на поединците во двете најголеми етнички заедници. Во однос на државата, најголемата малцинската заедница во помала мера покажува припадност кон државата Република Македонија во однос на останатите, што може да претставува еден индикатор за форма на национализам, бидејќи се одбива да се поистовети со државата во која живее.

Токму тоа стои и во тезата на Купер дека одбивањето да се признае мултиетничкиот карактер на државата од страна на мнозинската заедница доведува до реакција од малцинската заедница, која може да се протолкува како форма на

---

[6] д-р Спасеновски Александар, Влијанието на верските заедници врз институциите и политиката во РМ, Фондација Конрад Аденауер, Скопје, февруари 2015, стр. 7

национализам.[7] Афилијацијата на (во најголем дел) припадниците на двете најголеми етнички заедници кон различни вероисповеди само ја хармонизира тенденцијата кон поларизираност и извесна нетрпеливост меѓу двете групи која се користи во политичката арена како инструмент за стекнување доверба меѓу (своите) гласачите и нивно мобилизирање во претстојните изборни циклуси.

## 3. Заклучок

Самото осамостојување на Република Македонија во 1991 год. иницираше процеси на политички план кои подоцна генерираа политички кризи во своевидна националистичка атмосфера, меѓу кои најголемата кулминираше со конфликтот во 2001 год. По измената на Уставот во 2001 год., кога официјално се потврди мултикултурниот карактер на земјата, национализмот многу често ја одигруваше својата улога во политичката арена, а тоа се манифестираше и врз граѓаните.

Истражувањето што го спроведе петтата група на летната школа **„Религија, етничка припадност и национализам“,** ја нотираше волјата на граѓаните за мирољубива коегзистенција и заемно почитување и прифаќање на културите. Она што е последица на традицијата и верскиот импакт е конзервативниот пристап кон определени општествени појави, како што е брак помеѓу припадници на различни етнички заедници. Во однос на национализмот, граѓаните го карактеризираат како негативна појава и посочуваат на политичките партии и нивното негативно влијание како „покровител“ на меѓуетничките тензии и ги разделуваат граѓаните, но сакаат да имаат мирен соживот.

Според современото сфаќање, современите држави не треба да поттикнуват национализам кај своите граѓани туку патриотски чувства, при што современите нации би се ослободиле од товарот на негативен ефект од негувањето на национализмот. Лојалноста кон државата и чувството за припадност се она што ја прави стабилна мултикултурната компонента во земјата. Во мултикултурните држави, како што е Република Македонија, покрај промоција на колективните права, неопходно е да се развива и граѓанската свест која би била обединител на различностите и би креирала заеднички вредности.

---

[7] Kuper 1999 cited in Craigie , Allan, University of Edinburgh, Unionism and Pan-Nationalism: Theoretical Musings on the Dialectical Relationship between Minority and Majority Sub-State Nationalism,2010, p.232

## Библиографија


1. Ачкоска Виолета, *Лекции од современата Македонска држава* (1944-1990), Филозофски факултет, Скопје 2011 г.
2. проф. д-р Климовски Саво, проф д-р Каракамишева Тања, проф. д-р Дескоска Рената, *Политички систем*, Второ издание, Просветно дело АД, Скопје, 2009
3. Попов Чедомир, Грађанска Европа (1770-1914) *Политичка историја Европе* (1815-1871), Белград 2010
4. д-р Спасеновски Александар, *Влијанието на верските заедници врз институциите и политиката во РМ*, Фондација Конрад Аденауер, Скопје, февруари 2015
5. Craigie, Allan, University of Edinburgh, Unionism and Pan-Nationalism: *Theoretical Musings on the Dialectical Relationship between Minority and Majority* Sub-State Nationalism,2010
6. Bakrac Vladimir "*Teoriski pristup slicnostima I razlikama izmegu religije I nacije*", Religija I tolerancija, 2009
7. O'Kelly Ciaran''*Nationalism and the state: Political Concepts*''. Manchester and New York: Manchester University Press, 2003
8. Scott, Len, International History, 1900-90, Oxford University Press, 2008
9. Zoran Janjetovic. *Decacareva, pastorcadkraljeva, Nacionalnimanjini u Jugoslaviji* (1918-1945), Belgrad 2005g.


*Ставовите и заклучоците дадени во трудовите им припаѓаат на самите автори и на никаков начин не ги рефлектираат ставовите и заклучоците на организаторите на летната школа.*


**17 - 21 август, 2015**

**Охрид, Р.Македонија**

Фондација Конрад Аденауер

**Проект:**„Религија, Етничка припадност и Национализам"

Ристо Равановски бр.8
Република Македонија
1000 Скопје

Телефон: +389 (2) 3217 075
Факс: +389 (2) 3217 076
Skopje@kas.de
www.kas.de/mazedonien/mk

Универзитет„Евро-Балкан''

бул. Партизански Одреди
631000 Скопје, Македонија

Тел: +389 2 3075 570
Факс: +389 2 3090731
contact@euba.edu.mk
www.euba.edu.mk